Република
Македонија

# ИНСТРУКЦИЈА
## за содржина на Статут на задолжителен и доброволен пензиски фонд

Скопје, октомври 2008

МАПАС
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Врз основа на член 47 став (1) точка к) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 и 88/2008) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата одржана на 20.10.2008 година издаде

**ИНСТРУКЦИЈА**
**за содржина на Статут на задолжителен и доброволен пензиски фонд**

1. Статутот на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд (во натамошниот текст: пензиски фонд) најмалку треба да ги содржи следниве податоци:

а) Целосен регистриран назив и седиште на пензискиот фонд и скратен назив на пензискиот фонд, доколку има;

б) Целосен назив, седиште и адреса на пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд;

в) Правен статус и правна положба на пензискиот фонд (задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, сопственост на средствата на пензискиот фонд);

г) Назив на акционерите на пензиското друштво, износ на основната главнина на пензиското друштво, учество на акционерите во основната главнина;

д) Права и обврски на пензиските друштва;

ѓ) Назив и права и обврски на чуварот на имот;

е) Начин и право на членство во пензиски фонд;

ж) Начин и право на премин од еден во друг пензиски фонд;

з) Начин на уплата на придонеси;

ѕ) Начин на спроведување на постапка за поплаки од членови на пензиски фонд кој посебно го вклучува максималниот рок за преглед и решавање на поплаките, преку:

- регистрирање на поплаката;
- објективно разгледување на секое прашање содржано во поплаката;
- информирање на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во врска со било какви откриени нерегуларности при разгледување на поплаката;

и) Начин на вршење на ревизија на пензискиот фонд;

ј) Информации за инвестирање кои вклучуваат:

- цели, основни принципи и посебни ограничувања при инвестирање, освен оние пропишани со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

- спроведување на методите за избегнување на конфликт на интереси при инвестиционите активности на пензискиот фонд; правила за објавување на информации со ситуации каде е можен конфликт на интереси и етичките (моралните) правила што ги користат менаџерите во инвестициониот процес;

- овластени органи за носење на инвестициони одлуки;

к) Начин и постапка за спречување на изнесувањето и злоупотреба на доверливи информации во врска со личните податоци на членовите на пензискиот фонд и инвестиционите одлуки на пензиските друштва;

л) Информации за надоместоците кои вклучуваат:

- начин на пресметка и наплата на трансакциски провизии директно поврзани со продажбата и купувањето на средствата на пензискиот фонд;

- начин на пресметка и наплата на надоместок од придонесите;

- начин на пресметка и наплата на месечен надоместок како процент од вредноста на нето средствата на пензискиот фонд;

- начин на пресметка и наплата на надоместок за премин од еден во друг пензиски фонд;

љ) Начин на пресметка на нето вредноста на пензискиот фонд;

м) Начин на водење на сметководството на пензискиот фонд;

н) Начин на информирање на членовите на пензискиот фонд и дневниот весник во кој се објавува информативниот проспект на пензискиот фонд и местото каде може да се добијат финансиските извештаи;

њ) Пензии:

- начин и видови на исплата на пензии;

- барања и постапки за остварување право на пензија и пензиски надоместок;

о) Даночно уредување.

2. Статутот го содржи начинот на информирање на членовите на пензискиот фонд за секоја измена или дополнување на Статутот на пензискиот фонд.

Бр.01-1558/3
20.10.2008 година
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.